АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕНОС И ПРЕВОЗ НА ПАРИ

Февруари 2015 година

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕНОС И ПРЕВОЗ НА ПАРИ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Предмет на осигурување согласно овие Посебни услови за осигурување на пренос и превоз на пари, се превозот на пари, валути, благородни метали, реткости, филателистички збирки и хартии од вредност, од моментот кога лицето што врши пренос, возилото или специјалното возило ќе ги преземе осигурените предмети се' до предавањето во определеното место согласно полисата, а за ризиците согласно одбраното покритие во домашен транспорт: А (од сите ризици), Б, Ц.

**Член 2**

Прометот што се утврдува по пат на аналитичка евиденција што ја води Осигуреникот е осигурената сума.

Сумите на осигурување се утврдуваат во зависност од начинот на превозот и обезбедувањето. Осигуреникот е должен да ги презема сите заштитни и превентивни мерки за сигурен превоз на пратката и тоа:

1. За секоја пратка над 5000 евра задолжително да има едно придружно лице кое ќе биде вооружено;

2. Пренос на пратки до 10.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, од овластено лице со одење пеш, користење на јавен превоз или самиот е возач;

3. Пренос на пратки од 10.000-20.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, од овластено лице со придружник со специјална пломбирана торба во возило;

4. Пренос на пратки од 20.000-50.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, од овластено лице со еден вооружен придружник од кои едниот е возач, со користење на моторно возило при превозот;

5. Пренос на пратки од 50.000-120.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, со пригодно (прилагодено) возило, а транспортот се врши со две вооружени лиценцирани лица од кои ниту едно не смее да биде возач;

6. Пренос на пратки од 120.000-900.000 ЕУР во денарска противвредност по пратка, со блиндирано моторно возило, а транспортот се врши со две вооружени лиценцирани лица од кои едното може да биде возач;

7. За пратки со вредност над 900.000 ЕУР по пратка, со блиндирано моторно возило со две вооружени лиценцирани лица од кои едното може да биде возач, во придружба на уште едно возило со најмалку две вооружени лиценцирани пратители со претходна најава;

8. За пратки со вредност поголеми 1.000.000 ЕУР по пратка задолжително да се побара и спроведе со полициска придружба;

9. Моторните возила треба да се технички исправни и да се движат по одредена маршута, да не застануваат без службена потреба и да се опремени со исправни противпожарни апарати;

10. Секоја пратка мора да биде спакувана во специјални безрабни јутени, огноотпорни вреќи, или пломбирани куфери, ако поинаку не е договорено;

11. Ако пратката се превезува со друг превозник или пошта треба да има третман на вредносна пратка, да се декларира на правата вредност и да се обезбеди вооружена придружба за што Осигурувачот претходно навремено бил известен и дал одобрение.

12. Превозот од и до аеродромите и трезорите да го врши со транспортер (блиндирано возило) и вооружена придружба;

13. Да ја чува тајноста на пратките, согласно Правилникот на Осигуреникот кој му е врачен на Осигурувачот.

Ако Осигуреникот целосно не ги изврши обврските од овој член, осигурителното покритие и правото за надомест на штета се лимитира до висина на стварно извршеното обезбедување, без оглед што пратката имала поголема вредност.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ (РИЗИК )

### Член 3

Осигурителното покритие е со франшиза 20% од сумата на осигурување, ако поинаку не е договорено.

**Покритие Ц**
- сообраќајна незгода на превозното средство;
- пожар или експлозија од вонредни надворешни причини;
- елементарна непогода

**Покритие Б**
-сообраќајна незгода на превозното средство;
- пожар или експлозија од вонредни надворешни причини;
- елементарна непогода;
- неиспорака на целата пратка како резултат на разбојништво;
- оштетување на осигурените пратки - стоки за време при натовар, транспорт, истовар и претовар

**Покритие А (против сите ризици)**
-сообраќајна незгода на превозното средство;
- пожар или експлозија од вонредни надворешни причини;
- елементарна непогода;
- неиспорака на целата пратка како резултат на разбојништво;
- оштетување на осигурените пратки - стоки за време при натовар, транспорт, истовар и претовар;
- кражба и разбојништво

### Член 4

По овие услови може да се осигурени сите пратки во домашен превоз кои Осигуреникот ќе ги превезува:
- од Централниот трезор и трезорите на експозитурите на Осигуреникот до Народната банка на Република Македонија /трезорот/ и обратно;
- од Централниот трезор на Осигуреникот до Аеродром Александар Велики - Скопје и Апостол Павле - Охрид и обратно;
- од Централниот трезор на Осигуреникот до експозитурите на Осигуреникот и обратно;

- помеѓу експозитурите на Осигуреникот и обратно;
- од експозитурите на Осигуреникот и Централниот трезор до седиштето на клиентите на Осигуреникот и обратно;
- од експозитурите на Осигуреникот до експозитури на други банки и обратно;
- од просториите на комитенти на Осигуреникот до трезорот на Осигуреникот и обратно;
- ако поинаку е договорено и назначено во полисата.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

### Член 5

Осигуреникот ажурно на дневно ниво мора да ги евидентира пратките хронолошки во книгата на трезорот (аманетна книга), а врз основа на месечната евиденција на влез и излез се доставува на Осигурувачот еднаш месечно.

### Член 6

Осигурителното покритие започнува од моментот кога пратката ќе излезе, односно влезе во просториите на трезорот на Осигуреникот, трезорот на НБРМ, трезорот на други банки, просториите за прием и предавање на пратки на експозитурите на Осигуреникот, и просториите за прием и предавање на пратките од комминтентите од Осигуреникот, како и од моментот на слетување на авионот, односно до моментот на полетување на авионот од Аеродромите, ако поинаку не е договорено.

## УТВРДУВАЊЕ И НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 7

Осигурителното покритие (осигурената сума) по пратка не може да го надмине максималниот износ на Осигурувачот за овој тип на осигурување, односно 2.500.000 ЕУР или еквивалент во други валути во денарска противвредност утврдена на денот кога е извршен превозот според средниот курс на НБРМ.

### Член 8

Осигурувачот не е во обврска да надомести штета и трошоци кои ќе настанат како последица на:

- лоша намера, намерно причинување на штетата или небрежност на Осигуреникот или на неговите работници за кои тој одговара;
- транспорт на драгоцености (дијаманти и драги камења);
- складирање на парите вон објектот на Осигуреникот;
- штети настанати директно или индиректно како последица на нечесност или измама на некој член на управен одбор на Осигуреникот, негов директор, службеник, акционер со право на глас, партнер или сопственик;
- штети од штрајк, војна или воени ризици;
- штети од радиактивно, биолошко, биохемиско или електромагнетно загадување или оружје;
- штети од политички ризици, финансиски гаранции или кредитни ризици;
- штети од тероризам, манифестации и демонстрации;
- превоз со несоодветни превозни средства или амбалажа;
- пропусти на Осигуреникот - испорачателот или приемачот, односно неговите работници или лица за кои што тие се одговорни;
- превоз во несоодветни превозни средства каде постои ризик од оштетување поради влијанието на снег, мраз, топлина, кои според годишното време и временските прилики можат да се остварат, освен ако возилото останало дефект за време на превозот;
- пропуштање да се дадат изрични упатства на превозникот или возачот во врска со брзината на превозот која ја бара природното својство на предметот на осигуурвање согласно овие услови.

**Член 9**

Секоја пратка мора да биде спакувана во специјални безрабни јутани вреќи или торби затворени со пломби, ако поинаку не е договорено. Примероци од вреќите му се доставуваат на Осигурувачот како примерок и тоа е евидентирано со записник за примопредавање на примероците.

**Член 10**

За пратките што се превезуваат во домашен превоз Осигуреникот е должен е да води евиденција во аманетните книги во трезорот и експозитурите за сите превози.

Евиденцијата треба да ги содржи следните податоци:

- Реден број;
- Датум на превозот;
- Саатнина;
- Превозно средство со точни податоци;
- Релација на дотација;
- Дотација-износ во денарска противвредност на сите валути според среден курс на НБРМ;
- Вишок- износ во денарска противвредност на сите валути според среден курс на НБРМ;
- Релација на вишок;
- Кодиран број на аманетната пратка (број на пломба);
- Предал-потпис;
- Примил-потпис;
- Потпис од вооружената придружба.

Осигуреникот е должен извештајот да го достави до Осигурувачот најдоцна до 10-ти во тековниот месец за изминатиот.

За пратките кои се пренесуваат на релација до аеродромот Александар Велики Скопје и Апостол Павле - Охрид и обратно, а се со лимит до 2.500.000 евра, Осигуреникот е во обврска да му ги пријавува на Осигурувачот, веднаш штом пратката ќе стигне до местото на доопрема, доколку поинаку не е договорено.

## НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

**Член 11**

Во случај на штета, Осигуреникот е должен веднаш по остварувањето на штетниот настан да го извести Осигурувачот и да ги превземе сите можни мерки за намалување на штетата и зачувување на регресното право спрема причинителите на штетата.

Во случај на штета, Осигуреникот покрај оштетното барање е должен да му ги достави на Осигурувачот следните доказни документи;

- патен налог за моторно возило;
- Изјава од настанот со потпис од вооружената придружба со број на огнено оружје и копија од дозвола за поседување оружје.
- записник од надлежен орган за настанот како друг доказ за настанатата штета;
- интерни документи за испораката;
- изјава од одговорно лице од банката како и од лицето кое ги предало парите како и од пренесувачот на пратката за штетниот настан кој ги примил парите;
- цесија за пренос на правото на Осигурувачот;
- друга доказна документација со која располага Осигуреникот или примачот на пратката, која му е потребна на Осигурувачот за утврдување на основот и висината на штетата.

Осигурувачот е должен, ако барањето е комплетирано да го плати во рок од 14 дена.

**Член 12**

Осигуреникот е должен да ги превземе сите неопходни мерки предвидени со овие услови со цел да го обезбеди и сочува регресното право на Осигурувачот, против трети лица одговорни за штетата. Ако Осигуреникот тоа не го направил, а Осигурувачот докаже дека поради тоа претрпел штета, во тој случај Осигуреникот, може да го изгуби правото на оштета во висина на изгубениот регрес или е должен да го врати износот со соодветна камата ако претходно му бил исплатен. Осигуреникот е должен со цесија своето право на оштета спрема трети лица да му ги пренесе на Осигурувачот, по исплата на штетата. За штети каде има основ на регрес Осигуреникот е должен да достави оригинални документи.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Постапка по приговори

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно Осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.